Совет на Општина Делчево
Број 09-2495/2
23.12.2021 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Четврта седница на
Советот на општина Делчево

Четвртата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 23.12.2021 година, во мултифункционалниот центар, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 12 членови на Советот на Општина Делчево.

Оправдано отсутни беа Зекир Абдулов и Марио Скакарски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов, кој за Првата редовна седница го предложи следниот

Дневен ред

1.Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план – ДУП за УЕЗ, дел од урбан блок 3.2 Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен план со технички број 55/2019 од декември 2021 година- плански период 2019-2024 година.

На почетокот на седницата претседателот на Советот им се извини на сите членови на Советот за свикувањето на оваа седница надвор од роковите предвидени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот и рече дека сите евентуални критки од страна на членовите на Советот ги прифаќа лично тој. Во врска со предложената точка на дневен ред тој рече дека тоа е еден голем предизвик пред кој се исправени тој како претседател на Советот и сите членови на Советот. Имено, станува збор за Одлука за донесување на Детален урбанистички план – ДУП за УЕЗ, дел од урбан блок 3.2 Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен план со технички број 55/2019 од декември 2021 година- плански период 2019-2024 година.

„Конкретно денес, во 14.00 часот бев известен дека итно треба да свикам седница на Советот и буквално бев ставен пред свршен чин. Статутот и Деловникот предвидуваат редовни и вонредни седници, нема предвидено итни седници. Во овој случај не се исполнети условите за вонредна седница која се свикува само за прашања од безбедносен карактер или во случај на елементарни непогоди и затоа ја свикав оваа седница како редовна. Станува збор за капитален проект-изградба на детска градинка во Стар Расадник, сите знаеме колку ни е потребна на сите нас, се надевам дека проектопт ќе го добиема на општп задоволство на сите нас“, истакна претседателот на Советот на Општина Делчево.

Тој отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Четвртата седница.

Образложение по точката поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 39 став 5 и 9 и член 42 став 3,5 и 7 од Законот за просторно

и урбанистичко планирање. Со неа се донесува Детален урбанистички план- ДУП за УЕ3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен предлог план со Технички број 55/2019 од декември 2021 год. - плански период 2019-2024 год. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план- ДУП за УЕ3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен предлог план со Технички број 55/2019 од декември 2021 год - плански период 2019-2024 год. ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Делчево .Со неа се опфатени дел од слободните површини во населбата Стар Расадник со граници на опфат дадени во членот 2 на самата одлука. Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП за УЕ 3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, со површина од 0,53ха во рамки на регулационите линии кои го оформуваат блокот, односно 0.94ха до осовини на сообраќајници, односно:

- на северо-запад границата се движи по осовината на сервисна улица –„Кузман Јосифовски Питу",
- на северо-исток границата се движи по осовината на собирна улица „Маршал Тито“,
- на југо-исток границата се движи по осовината на собирна улица„Индустриска“и
- на југо-запад границата се движи по осовината на сервисна улица „Мито Хаџивасилев“.

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Детален
урбанистички план за УЕ 3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, изнесува 0,94 ха, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Делчево и површината до осовините на сообраќајниците. Во Одлуката има многу податоци кои се важни за смата одлука, а исто така сакам да ве известам дека покрај носењето на плановите во хартиена форма, согласно законот, ние мора да ги носиме и елктронски што значи дека во најскоро време треба да заврши постапката за електронски потпис на новиот претседател на Советот бидејќи во системот се уште стои потписот на поранешниот претседател, рече Г. Петровски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека итноста и оправданоста за свикувањето на седницата ја кажал претседателот на Советот. Во врска со самата точка која се однесува за донесување урбанистички план за изградба на детска градинка, тој истакна дека секоја година Министерството за труд и социјална политика има по 4 капитални проекти. Оваа година тоа се однесува на изградба на детски градинки. Аплициравме со проект и успеавме да излобираме една од нив да биде во Делчево. Висината на проектот е 48.000.000 денари, тие средства се грант и е ½ половина од нашиот основен буџет. Ние како општина, во финансирањето на проектот би учествувале само со 5%. Потребата од изградба на нова детска градинка нема потреба да ја истакнувам бидејќи ви е позната на сите вас. Утре, во 8.00 часот ќе заседава Комисијата од Министерството за труд и социјална политика и затоа е важна оваа одлука што денеска е на дневен ред. Во овој случај, помалку важно е свикувањето на седницата и кршењето на деловникот, поважно е да ја добиеме инвестицијата и да ја изградиме градинката, рече градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делечво ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план – ДУП за УЕЗ, дел од урбан блок 3.2 Општина Делчево, плански период 2019-2024, конечен план со технички број 55/2019 од декември 2021 година- плански период 2019-2024 година.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов